| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со печатни латинични букви. | 91 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање - Наставникот чита или пушта аудио запис од лектирата „ Ѕвездени перничиња“ за карактеристиките на месецот февруари(1:50)<br>https://www.youtube.com/watch?v=Jy4LdIqkMzk<br>Низ разговор се проверува колку запомниле за месецот.<br>• Зошто народот го нарекол Малот и Кусиот?<br>• А зошто е наречен Сечко?<br>• Што им раскажувал дедото на внуците за месецот февруари?<br>• Како е опишано времето во февруари?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно следат изразно читање на текстот„ Fevruarko“ стр.99 со отворени учебници. При читањето треба да обрнат внимание на непознати зборови, да ги потцртаат за да побараат објаснување од наставникот или да ги сфатат во контекст на содржината.<br>Учениците одговараат на прашања поврзани со содржината:<br>• Објасни како ја разбираш првата реченица од текстот.<br>• Кои други предвесници на пролетта ги знаеш?<br>• Што дозна за деновите во месецот февруари од овој текст? | книга„ Ѕвездени перничиња“<br><br>компјутер<br><br>табла/бела табла<br><br>проектор<br><br>звучници<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита кратки текстови со печатни латинични букви<br><br>Чита текст со латинични букви со почитување на правописните знаци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што се случува со денот и со природата во февруари?<br>• Објасни како ја разбираш последната реченица од текстот.<br>Се одредуваат и означуваат делови од текстот. Се организира штафетно читање. Читаат сите ученици по ред со насоки за изразно читање.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците следат насоки за вежбање на изразно читање на текстот напишан со латинични букви за следниот час. (Може да се даде насока учениците да ја преслушаат „Сказната за малото полско глувче“ од лектирното дело „Ѕвездени перничиња“ од Славка Манева.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Зборови, реченици и кус текст напишани со латинично писмо ги препишува користејќи кирилично писмо | 92 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Читање и разговор за содржината на текстот „ Fevruarko“.(Доколку учениците ја слушаа „ Сказната за малото полско глувче “ може да се поведе и разговор за содржината на сказната).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат насоки за внимателно препишување на текстот:<br>- Да се препише точно содржината на текстот со ракописни кирилични букви;<br>- Да се почитуваат правописните правила( пренесување на дел од збор во нов ред);<br>- Текстот да се препишува со убав ракопис-краснопис<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои ќе завршат со препишување на текстот, ја предаваат тетратката за прегледување и изразно го читаат текстот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте? | учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Кус текст напишан со латинично писмо го препишува со користење на ракописни кирилични букви<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани солатинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови | 93 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците преку постер со ракописни кирилични и латинични букви прават споредба на буквите.<br>Сите ученици добиваат лист со ракописната азбука на кирилица и латиница. Ги откриваат и заокружуваат буквите кои се пишуваат исто на двете писма.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците во своите тетратки пишуваат по еден ред од ракописните латинични букви што се пишуваат исто со кириличните ракописни букви- Аа, Ее, Оо, Јј .<br>Потоа пишуваат по еден ред и со латинските букви Сс, Čč кои исто се пишуваат и на кирилица и на латиница.<br>Учениците прават споредба на печатните и соодветните ракописни латинични букви<br>Mm - *Mm*<br>Ii ,- *Ii*<br>Следат демонстрација на пишување на ракописните латинични букви.<br>Вежбаат пишување на зборови и куси реченици. | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>индивидуален лист со ракописна азбука на двете писма<br><br>тетратка<br><br>учебник<br><br>кутија | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Mice, Joce, Ace, ima, ime, mie, Mima, mama, Ema, moma, jama, moi, Maja, ama…**<br>**Ema ima jojo. Mima e moma.**<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците за изучените ракописни буква од латиницата изработуваат картички (голема и мала латинична буква). Картичките ги чуваат во своето портфолио по македонски јазик за да ги користат на часовите. (*Учениците во времето за други активности може да изработуваат букварка со печатни и ракописни латинични букви- Mojata latinicna bukvarka)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА КУЛТУРА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Користење мобилен телефон<br><br>(паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред, икони, | Наведува апликации на мобилен телефон/ паметен уред кои се корисни безбедни за користење | 94 | *Варијанти за реализација на активноста:*<br>✓ *Мобилни телефони/таблети за работа во група со одобрение од родител*<br>✓ *Подготвена презентација преку која учениците ќе се запознаат со содржината или*<br>✓ *Наставникот да покажува апликации на проектор, а учениците да следат и да се искажуваат за нивното значење*<br>**Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат по прашањата:<br>• Зошто мобилните телефони се нарекуваат паметни телефони? (Очекуван одговор: освен што овозможуваат да се водат телефонски разговори, може и да пренесуваат информации).<br>• Кои други уреди се паметни? (Очекуван одговор: таблети).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците во групи бараат апликации на мобилните телефони (кои се дел од телефоните - не треба дополнително да се инсталираат) преку кои можат да прочитаат колку е саатот, да разговараат по телефон, да праќаат и примаат пораки, да фотографираат и снимаат и да ги чуваат направените фотографии/снимки, да | мобилни телефони<br><br>таблети<br><br>презентација<br><br>работен лист<br><br>проектор<br><br>компјутер<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>самолепливи стикери | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава апликации на мобилен телефон паметен уред кои се корисни и безбедни за користење<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни актив-ности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | користат календар, да ја следат сопствената активност, да слушаат музика и гледаат видео снимки и да играат видео игри.<br>Учениците во работен лист (стр.168)ги именуваат апликациите кои ги знаат или препознаваат и запишуваат за што најчесто се користат.<br>На самолепливи стикери цртаат икони за секоја од апликациите кои ги пронајдоа во мобилни телефони застапени во одделението. Истите се лепат на таблата или на постер од хамер.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Преку отворена дискусија се изведуваат заклучоци:<br>Наведените апликации се безбедни за користење затоа што се дел од телефоните. Најголем дел од апликации што ги има на паметните телефони може да се сретнат и на таблетите со исти или слични икони.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА КУЛТУРА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Користење мобилен телефон<br><br>(паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред, икони, | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорно и неодговорно користење на мобилен телефон. | 95 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување од претходнииот час- Учениците се искажуваат за апликациите што се дел од паметните уреди телефони, таблети и се безбедни за користење:<br><br>- телефонски разговори;<br>- праќање пораки<br>- точно време,<br>- календар<br>- фотографии и видеа и чување на телефон<br>- слушање музика, видеа...<br>- играње игри<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со ситуации на вообичаено користење мобилните телефони, со задача преку дискусија во групите да идентификуваат кои описи укажуваат на одговорно, а кои на неодговорно користење. **Пр.**<br>1.За време на ручек, Филип чита и пишува пораки на мобилниот телефон.<br>(Очекуван одговор: Неодговорно/несоодветно)<br>2.Додека учи, Енис го чува мобилниот телефон вон видното поле.<br>(Очекуван одговор: Одговорно/соодветно)<br>3.Санела го користи мобилниот телефон за да најде | мобилни телефони<br><br>таблети<br><br>работен лист<br><br>проектор<br><br>компјутер<br><br>бела табла<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава одговорно и неодговорно користење на мобилен телефон<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни актив-ности |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | информации што му требаат за да ја напише домашната.<br>(Очекуван одговор: Одговорно/соодветно)<br>**4.**Маја го користи мобилниот телефон секој ден, по три саати и повеќе, за играње видео игри.<br>(Очекуван одговор: Неодговорно/несоодветно)<br>**5.**Милан скришно чита и пишува пораки на мобилниот телефон за време на часовите.<br>(Очекуван одговор: Неодговорно/ несоодветно)<br>Групите ги презентираат своите одговори и даваат образложение зошто одговориле така, а наставникот ги насочува кон аргументи кои водат до очекуваниот одговор.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Преку дискусија се заклучува дека прекумерно поминување време на мобилен телефон го спречува навременото завршување на другите работи и придонесува за содавање нездрави навики (најчесто е замена за физичка активност и вистинско другарување).<br>*Домашна работа- стр. 169*<br>*За секој од наведениве описи процени дали укажува на ОДГОВОРНО или на НЕОДГОВОРНО користење МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Говорење со разбирање | Користи нови зборови при усно изразување во согласност со темата или комуникациска ситуација | 96 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците читаат зборови прикажани на презентација /запишани на табла (шерне, мјутне, кикне, скрин, принтање, пастирање, сајбер булинг, флеш моб, гејмер, хакер, шопинг, јутубер, маркет, мол, ви-фи,маус, тик-ток... и сл). Се поведува разговор дали ги имаат слушнато овие зборови, кое е нивното значење и дали ги имаат применувано во усната комуникација.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се истакнува дека тоа се зборови од странско потекло за кои ние имаме наши зборови, но преголемото користење на интернетот и слушање на странскиот јазик овозможи тие да навлезат и во нашата комуникација.<br>(Со новите платформи за држење настава на далечина се јави потреба од еден цел нов вокабулар поврзан со софтверот за видеоповици).<br>Учениците во парови или мали групи создаваат кратки дијалози каде применуваат нови зборови. Ги запишуваат дијалозите и се договараат дали ќе ги читаат или усно ќе изведуваат краток дијалог со употреба на новите зборови.<br>**Пр.** Дали имаш интернет на телефонот? Сакам да им пратам слика од екскурзијата на мама и тато.<br>Немам. Да ја прашаме наставничката каде може да се поврзиме на ви – фи.<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | Презентација изработена од наставник<br>проектор<br>компјутер<br>бела табла<br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Користи нови зборови при усно изразување во одредени ситуации<br>Активно учество во работа во пар или групни активности |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците се запознаваат со активноста. На едната страна на таблата се истакнати зборови запишани со зелена боја. А на другата со црвена боја. Учениците имаат зелено и црвена картичка.<br>Доколку изберат збор напишан со зелена боја подигаат зелена картичка и обратно<br>**Кој збор повеќе го користите во усна комуникација?**<br>- глувче -маус<br>- сподели- шерне<br>- приписни- кликни<br>- залепи – пасте(пејст)<br>- екран – скрин<br>- пазарење/купување – шопинг<br>- поврземе - конектираме<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и користење правописни правила | Правилно употребува голема буква при пишување на имиња на улици, плоштади, населени места, планини, реки, установи, наслови на книги и весници | 97 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците извлекуваат самолепливи стикери на кои се напишани зборови. Ги читаат гласно и ги лепат на таблата. Се искажуваат за тоа што е напишано на нивниот стикер.<br>**Пр.** Скопје – име на град, Охридско Езеро- име на езеро, Вардар – име на река, Гоце- име на дете, Македонија - име на држава , „Шеќерна приказна“ – наслов на книга и сл.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат да го напишат своето име и презиме во тетратката.<br>**Јас се викам.....**<br>• Кое правописно правило го применуваме при пишување на личните имиња и презимиња? (голема буква)<br>**Роден/а сум во градот ....**<br>• Како се запишува правилно името на градот, државата во која живееме? (голема буква)<br>**Живеам на улица „....“**<br>• Како се запишува правилно името на улицата? (голема буква)<br>**Учам во училиштето „....“** | самолепливи стикери<br><br>проектор<br><br>компјутер<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Правилно употребува голема буква<br><br>Пронаоѓа грешки во пишувањето на големата буква<br><br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како се запишува правилно името на училиштето, установите, фабриките каде работат вашите родители (голема буква)<br>**Ја прочитав книгата„....“**<br>Учениците извлекуваат заклучок за употреба на голема буква при пишување на имиња на улици, плоштади, населени места, планини, реки, установи, наслови на книги и весници.<br>Самостојна работа - Поправи ги грешките во следниве зборови и употреби ја правилно големата буква<br>**марко, ООУ „страшо Пинџур“, вардар, Охридско езеро, ул. „вардарска“, шар планина, битола, драчево, Мирјана маркова, брегалница, ул. „Гоце делчев“, ЈП „комуналец“, плоштад „македонија“**<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Читање на песната „ Имиња без презимиња“ стр.117. Учениците ги потцртуваат имињата на планините и се искажуваат што им е интересно во врска со нивното значење.<br>*Насоки за домашна работа*- Да ја препишат „Песна за имињата“ стр. 118 и да научат каде правилно се употребува голема буква.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и користење правописни правила | Правилно употребува голема буква при пишување на имиња на улици, плоштади, населени места, планини, реки, установи, наслови на книги и весници | 98 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот истакнува географска карта на Македонија. Учениците се запознаваат што содржи картата.Следат насоки дека ќе се обработува текст преку чија содржина ќе патуваат и ќе ја истражуваат нашата татковина.<br>Текст„ Патувам и истражувам“ стр.119<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Читање на текстот од учениците и потцртување на зборовите кои се напишани со голема буква.<br>Се именуваат- градови (Велес, Штип, Струмица...), села (Росоман, Зрновци, Вевчани), плоштади(Магнолија), улици, (Широк сокак) знаменитости(Мечкин камен, Македониум...) и се извадува заклучок дека сите се пишуваат со голема буква.<br>Учениците добиваат работен лист(*Предлог од Вежбанка по македонски јазик стр.43)* - препишување на текст со правилна употреба на голема буква.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во работен лист треба да ја обојат патеката од полињата со точно напишаните зборови со голема буква и да стигнат до целта | географска карта на Македониија<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Правилно употребува голема буква<br><br>Пронаоѓа грешки во пишувањето на големата буква<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| почеток | Езеро | Понеделник | улица | Стоби |
| април | Сабота | скопје | петар | македонски театар |
| јануари | Шар Планина | среќа | Маврово | ивана |
| марија | македонски брод | пелистер | Нице Планина | крај |

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | Прави разлика меѓу драмски, поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери | 99 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат како го поминуваат времето додека се на голем одмор.<br>• Што најчесто правите за време на големиот одмор?<br>• Дали ви е доволно времето за да ја изедете вашата ужинка?<br>• Дали се има случено во тој краток период некаква караница помеѓу некои ученици? Која била причината?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците го разгледуваат текстот „ Што се случува во трето два?“прикажан на таблата преку проектор или со отворени учебници.<br>**ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО ТРЕТО ДВА?**<br>Лица: РАСКАЖУВАЧОТ, ПАВЛЕ, СТЕФАН, МАРИЈА, МАРТИН, БИСЕРА, РИСТЕ, АНГЕЛА, АЛЕКСАНДАР и СОФИЈА<br>**РАСКАЖУВАЧОТ:** Пссст... Тишина! Завесата почна да се крева... Слушате ли некаде врева? Да, да, да! Нешто се случува во трето два! Во ова одлично одделение со супер поведение! Но зошто денеска толку гласно викаат и се надвикуваат? Бучно разговараат... чиниш како да се караат... Еден на друг – совети си делат, ајде да слушнеме што навистина велат!<br>**ПАВЛЕ:** Кој како сака нека каже, ама метро си е метро – не знае да лаже! Еве на таблата ќе запишам со креда: повисок сум од секој за половина педа!<br>Дискутираат за изгледот на текстот и формата во која е напишан. | учебник<br><br>тетратка<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>табла/бела табла | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на драмски текст<br><br>Чита дијалози<br><br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • На колку улоги може да се подели текстот?<br>• Што мислите, која е улогата на раскажувачот?<br>Наставникот изразно го чита текстот со цел учениците добро да се запознаат со дијалозите и правилна интонација при читањето.<br>Учениците одговараат на поставени прашања:<br>• Што ни раскажува раскажувачот на почетокот од драмскиот текст?<br>• Какви биле според поведението учениците од трето два?<br>• Што се случило за време на големиот одмор?<br>• Кој ја започнал расправијата?<br>• Што можеш да забележиш низ дијалозите на учениците, а е слично со поетските творби?<br>( зборови кои гласовно се совпаѓаат-рима: крева-врева, делат-велат, креда-педа, лаже-каже...)<br>Учениците се делат по улоги и следат насоки за драмско читање.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците изведуваат заклучоци<br>*Текстот напишан по улоги се вика ДРАМСКИ ТЕКСТ*<br>***Дијалогот** е основниот белег на драмскот текст. Дијалогот е разговор меѓу два или повеќе лика во текот на драмското дејство.*<br>Учениците следат насоки за избор на улога за која ќе се подготват за драматизација на следниот час.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ/СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна)<br><br>Говорење со разбирање | Прави разлика меѓу драмски, поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери<br><br>Го прилагодува тонот, интонацијата и стилот на говорење на комуникациската ситуација | 100 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Претходна подготовка - Уредување на сценографија која одговара на содржината на драмското дејство. Организирање на просторот за да можат сите учесници да бидат присутни на импровизираната сцена.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Читање на драмскиот текст по улоги со насоки како да се драматизира текстот.<br>Учениците се подготвуваат за драматизација по групи од по 10 учесници: Раскажувач, Павле, Стефан, Марија, Мартин, Бисера, Ристе, Ангела, Александар, Софија.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Анализа на драматизациите. Секој ученик се искажува за својата улога, што можел да направи подобро и дали додавал/а и нови реченици во дијалогот кои одговараат на содржината.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте? | учебник<br><br>табла<br><br>ученички клупи и столчиња | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на драмски текст<br><br>Драматизира улоги<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Активно учество во работа во група |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови | 101 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците во тетратката запишуваат зборови со изучените ракописни латинични букви за време од 2 минути.<br>***Aa, Ee, Oo, Jj, Cc, Č č, Mm, Ii***<br>• Кои зборови успеавте да ги составите со изучените букви?<br>**Пример:** *Mice, Joce, Ace, ima,ime, mie, Mima, mama, Ema, moma, jama, moi, Maja, ama, mače, meč, čaj...*<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот на табла запишува две латинични печатни букви, а учениците ги именуваат - **Nn. Tt**<br>Следат демострација на изведување на ракописна буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви ***Nn Tt***<br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови и куси реченици.<br>***Tina, tato, teta, tetin, nane, nema, Nino, Tino, Tea, Nate, mete, nota, toa, Meto, inaet, taa, nema…***<br>***Teta Tina mete.***<br>***Nina ima tetin. Toa e tetin Tino.***<br>Учениците препишуваат реченица од печатна кирилица на ракописна латиница. | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>штоперица<br><br>тетратка<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Нино има чамец.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои ќе завршат со пишување на зборовите и рečениците ги читаат гласно зборовите и реченииците од таблата или тетратка.<br>*Во време за продолжен престој(други активности) учениците ги запишуваат новите изучени ракописни буква од латиницата на картички кои ги ставаат во своето портфолио по македонски јазик*<br>*Може да изработуваат букварка со печатни и ракописни латинични букви- Mojata latinicna bukvarka)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови | 102 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот има подготвено картички (ливчиња) на кои се запишани зборови со печатни кирилични букви. Зборовите ги содржат само изучените латинични ракописни букви(зборови кои ги запишуваа во тетратката на претходните часови).<br>**чај, нане, Нате, Мето, маче, антена, тетин, нема...**<br>Секој ученик извлекува по една картичка, излегува на таблата и го запишува зборот со ракописни латинични букви. Останатите ученици ги запишуваат во своите тетратки.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот на таблата запишува неколку зборови, а учениците треба да откријат кои се новите букви што ќе ги изучуваат на часот.<br>• Која е дваесет и втората буква во азбуката?<br>• Која буква се наоѓа пред буквата Г?<br>Учениците ги откриваат новите ракописни латинични букви- ***Ss, Vv***<br>Учениците следат демострација на изведување на ракописна буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>картички со зборови со печатни букви<br><br>тетратка<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | |  <br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови и куси реченици.<br>**Stojan, stomna, Vesna, ananas, masa, meso,seme, seno, mesi, Naste, Stamena, Simona, vistina, testo**<br>***Vasna ima ananas.***<br>***Antenata e namestena.***<br>Препишуваат реченици од печатна кирилица на ракописна латиница.<br>**Стамена меси тесто на масата.**<br>**Весна носи стомна.**<br>**Стојан сее семе.**<br>Читање на зборовите и речениците од таблата или тетратка од страна на учениците кои ќе завршат со пишување на зборовите и речениците.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги запишуваат новите изучени ракописни буква од латиницата на картички кои ги ставаат во своето портфолио по македонски јазик<br>*Во времето за други активности може да изработуваат букварка со печатни и ракописни латинични букви- Mojata latinicna bukvarka)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани солатинично писмо</td>
<td>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со печатни латинични букви<br><br>Одговара (усно и писмено) на прашања во врска со содржината на прочитан текст</td>
<td>103</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците се искажуваат со свои зборови на што прво помислуваат ако некој ги праша што значи:<br>НЕВНИМАТЕЛНА ИГРА<br>Одговорите како кратки искази се запишуваат на таблата и се изведуваат заклучоци што се може да се случи при секоја игра доколку не внимаваме.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците следат насоки за самостојно читање на текст напишан со печатни латинични букви„ Nevnimatelna igra“ стр.97.<br>Учениците кои ќе завршат со читање подигаат рака за да може наставникот да има увид на брзината на читање, а и да се мотивираат и другите деца во поглед на подобрување на брзина на читање во себе.<br>Одговараат на поставени прашања поврзани со содржината со цел да се провери колку учениците успеале да запомнат.<br>• На кое место излегле децата?<br>• Како се однесувале во училишниот двор?<br>• Каде излегле од невнимание децата при играта?<br>• Што ја прекинало нивната снежна игра?<br>• Што се случило со црвениот автомобил?<br>• А што се случило со Симон?<br>• Кој им рекол да повикаат брза помош?</td>
<td>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>прибор за пишување</td>
<td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита со разбирање  текст напишан со печатни латинични букви<br><br>Усно одговара на прашања во врска со содржината на прочитан текст<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што направиле вработените од брза помош?<br>• Како се чуствувале децата на местото на несреќата?<br>Учениците продолжуваат со самостојна работа со одговор на барањата 1 и 2 на страна 98.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги читаат одговорите на барањата со цел да ги споредат своите размислувања во поглед на ситуацијата во која се наоѓаа децата во текстот.<br>Извлекуваат заклучоци за тоа како да внимаваат при играта бидејќи само една мала грешка може да го загрози нивниот живот и играта да премине во немил настан.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст.<br><br>Споредува настани и ликови од прочитан текст со реални ситуации. | 104 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците треба да ја довршат фразата<br>**За мене другарство е....**<br>Се поведува дискусија за тоа дали ако одат на одмор или на гости во друга држава каде се зборува на друг јазик може да си најдат другар/ка со кој/а ќе си играат и ќе се дружат.<br>• Што би било пречка за тоа другарство?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците слушаат изразно читање на расказ„ Јазикот не е пречка за добро другарување“ стр.157<br>Добиваат насоки при читањето да обрнат внимание на главниот настан и кои се ликови од текстот.<br>Учениците одговараат на прашања:<br>• Кои деца ги сретнавме во расказот?<br>• Каде била првата нивна средба?<br>• На каков јазик зборувале децата?<br>• Каква насмевка имале сите?<br>• Што направиле за време на училишнот одмор?<br>• Што сакал да спречи Орхан?<br>• Како се однесувало големото дете кон Орхан? | табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст.<br><br>Споредува настани и ликови од прочитан текст со реални ситуации.<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што направиле Агим и Славчо кога заплакал Орхан?<br>• На кој јазик разговарале децата?<br>Учениците го читаат текстот, извлекуваат порака за другарството на трите деца и го образолужаат својот став.<br>1. Орхан, Агим и Славчо се соседи.<br>2. Орхан, Агим и Славчо учат во исто училиште.<br>3. Орхан, Агим и Славчо зборуваат на различни јазици.<br>4. Орхан, Агим и Славчо се другари.<br>5. **Порака-** Јазикот не е пречка за добро другарување<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се искажуваат дали имаат слушнато/видено/ доживеано сличен настан како во текстот и кои ликови биле учесниици во настанот.<br>Споредуваат што е слично, а што различно меѓу настанот и ликовите од текстот и настанот и ликовите во реална ситуација.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пребарување на интернет (линкови, клучни зборови, Google | Определува клучни зборови во реченици и куси текстови.<br><br>Наоѓа потребна информација наинтернет преку пребарување наGoogle. | 105 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Преку анаграм со слики учениците го откриваат поимот МАЈЧИН ЈАЗИК<br>(*Сликите наставикот може да ги подготви и истакне на таблата или да има претходно подготвено презентација каде од секоја слика што ќе ја прикажува учениците да ги запишуваат почетните букви и да го запишат зборот)*<br>• Објаснете како го сфаќате поимот мајчин јазик.<br>***Мајчин јазик** е прв**иот јазик којшто човекот го учи од неговото раѓање.*<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците набројуваат имиња на држави кои се запишуваат на таблата, а учениците во своите тетратки.<br>• Што мислите каков јазик зборуваат луѓето кои се родиле и живеат во овие држави?<br>Покрај секоја држава го запишуваа и јазикот кој мислат дека се зборува во државата.Пр.<br>• Македонија- македонски јазик<br>• Германија- германски јазик<br>• Франција- француски јазик и сл.<br>Наставникот ги запознава учениците дека јазиците се во постојан контакт и влијаат едни на други. Англискиот јазик во минатото позајмувал зборови и изрази од многу | Презентација со слики подготвена од наставник<br><br>табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>самолепливи стикери<br><br>мал хамер<br><br>фломастери | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Определува клучни зборови во реченици и куси текстови.<br><br>Открива како се пронаѓа потребна информација на интернет преку пребарување на Google. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | други јазици, а денес европските јазици позајмуваат многу зборови од англискиот јазик.<br>Учениците во тетратката запишуваат различни зборови кои ги слушнале од различни јазици или по насоки од наставник.<br>Зборовите ги запишуваат и на хартија во боја или стамолепливи стикери.<br>• Како можеме да откриеме како се изговара зборо ЗДРАВО на различни јазици?<br>Наставникот покажува како може со помош на **google translate** зборот запишан на македонски јазик да го преведува на било кој од понудените јазици https://rb.gy/n0z2zv<br>ЗДРАВО, HELLO, MERHABA,SALUT,HEI,BOK, 你好, Živjo...<br>https://www.youtube.com/watch?v=472AnCrHYVs<br>*(Интересно видео за кажување на зборот ЗДРАВО на различни јазици)*<br>Заедно се изработува мини постер со зборови на различни јазици.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Изведување заклучоци:<br>• Зошто е важно да се одбележува 21 февруари-денот на мајчинот јазик?<br>Славењето на Денот на мајчиниот јазик би требало да нè потсети за грижата за својот јазик, но и да ни укаже за присуството на други јазици и на нашата должност тие да ги почитуваме разновидност на јазиците низ светот.<br>**Да го негуваме нашиот јазик со тоа што ќе го научиме!**<br>**Сакајќи си го својот јазик, ќе ги сакаме и почитуваме и другите јазици.**<br>**СЕКОЈ ЈАЗИК Е НЕЧИЈ МАЈЧИН ЈАЗИК!**<br>**Рефлексија** | | Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и користење правописни правила | Ги пишува со зборови броевите до1000 и редните броеви до 20. | 106 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците читаат и запишуваат броеви до 1000 со зборови( корелација со математика). Објаснуваат како се запишуваат повеќецифрените зборови и пишување на сврзникот „и “ пред цифрата на единиците( Пр. 153- сто педесет и три)<br>Извлекуваат заклучок каде најчесто се прават грешки при пишување на броеви.<br>**Пр.** Бројот 6 и броевите составени со него се пишуваат:<br>6 — шест; 16 — шеснаесет; 60 — шеесет; 600 — шестотини;<br>Пишување Стотки:100 — сто, 200 — двесте, 300 — триста... 1000- илјада<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците добиваат текст заситен со зборови кои означуваат точна бројност или редослед на нештото. *(Предлог текст стр. 148 во учебникот)*<br>Го читаат текстот со насоки да ги пронајдат зборовите преку кои се искажува бројност или редослед. Воочуваат дека зборовите се запишани со различна боја.<br>Се анализираат зборовите со кафеава боја и откриваат дека со нив се означува точна бројност: | тетратка<br><br>учебник<br><br>боички<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>постер со броеви | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Правилно пишува броеви до 1000 со зборови<br><br>Ги пишува и чита редните броеви до20<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

- десет лалиња, петнаесет зумбули и дваесет и три трендафили. четири ели, пет бора.

Броевите што означуваат точна бројност се викаат главни(основни) броеви.

Потоа објаснуваат што се означува со броевите запишани со зелена боја:

првиот ред , вториот ред, третиот ред

Броевите што означуваат редослед на нештото се викаат редни броеви: прв, втора, трето, четврта, петти, шесто, седма, осми, деветто, петнаесетта, седумнаесетто...

Запишуваат примери за да направат споредба помеѓу главен(основен) број и реден број

1 – еден 1.прв

| БРОЕВИ | РЕДНИ БРОЕВИ |
|---|---|
| 1 ЕДЕН | 1. ПРВ |
| 2 ДВА | 2. ВТОР |
| 3 ТРИ | 3. ТРЕТ |
| 4 ЧЕТИРИ | 4. ЧЕТВРТИ |
| 5 ПЕТ | 5. ПЕТТИ |
| 6 ШЕС | 6. ШЕСТИ |
| 7 СЕДУМ | 7. СЕДМИ |
| 8 ОСУМ | 8. ОСМИ |
| 9 ДЕВЕТ | 9. ДЕВЕТТИ |
| 10 ДЕСЕТ | 10. ДЕСЕТТИ |

**Завршни активности – изведување заклучок**

Учениците ги читаат речениците од стр. 148 и се искажуваат какви броеви се применети во речениците.

- **Тадеј има шест мачиња.**
- **Јас живеам во шеснаесеттата куќа од левата страна на улицата.**

Потоа запишуваат по една реченица која сами ке ја состават или ќе направат избор од понудените.

*Насоки за домашна работа:стр. 149*

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | Идентификува броеви како видови зборови во текст | 107 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат за броевите како зборови. Секој ученик запишува во тетратката едноцифрен, двоцифрен, трицифрен и реден број со цифри и зборови. Ги читаат зборовите и се анализира дали правилно ги напишале. (размена на тетратки во парови)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците добиваат работен лист со барања од следниот тип:<br>1.Препиши ги речениците така што броевите ќе ги запишеш со цифри.<br>а) Најголемата длабочина на Охридското Езеро е двесте осумдесет и шест метри...<br>2. Дополни. Бројот во речениците запиши го со зборови.<br>а)Во една година има _________________________ дена…<br>3. Разгледај ја табелата и одговори на прашањата<br>а) Кој ученик стигна шести на целта? __________________<br>(*Предлог активности од Вежбанка по македонски јазик* | компјутер<br>табла<br>проектор<br>учебник<br>тетратка<br>работен лист<br>црвена боичка | Усни одговори напоставени прашања<br>Препознава броеви во текст<br>Одговори во работен лист<br>Учество во изведување на заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *за трето одделение од Арс Ламина)*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Работниот лист наставникот го истакнува на табла со помош на проектор. Учениците ги разменуваат листовите во парови и се прави проверка на точноста на решенијата. Со црвена боја се штиклираат точните одговори или се врши корекција на грешките.<br>Се даваат насоки за подобрување/се појаснуваат некои барања доколку учениците имаат направено повеќе грешки.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја настан, лик, време, место | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и басна.<br><br>Прераскажува литературен текст позададен или сопствен план употребувајќи свои зборови.<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст | 108 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците одговараат на поставени прашања:<br>• Дали се сеќавате на првиот училишен ден?<br>• Кои други претходно ги знаевте, а кои ги запознавте на училиште?<br>• Како треба да се однесувате на училиште?<br>• Зошто училиштето се нарекува уште и втор дом?<br><br>Се проверува подготвеноста на учениците за работа на лектирното дело„ Децата од нашето училиште“<br>Секој ученик пред себе има примерок од лектирното дело и се запознаваат со биографските податоци за авторот на делото – Јадранка Клисарова<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се анализира содржината на лектирата составена од 18 | примерок од лектирата „Децата од нашето училиште<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања со целосна реченици<br><br>Ги знае карактеристиките на расказ<br><br>Прераскажува литературен текст по насочени прашања со употреба на свои зборови<br><br>Извлекува порака од содржината на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | раскази подредени по хронолошки редослед, како што започнува учебната година од „Први септември“<br>Учениците се насочуваат на прераскажување на содржината на расказите по насочени прашања<br>Посебен акцент ставаат на делот од расказот кој им оставил најголем впечаток и да образложат зошто.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се прави анализа на прераскажаните раскази со истакнување на позитивни, но и негативни случки кои ги сретнаа. Се донесува заклучок „Подобро е да се учиме на туѓите, а не сопствените грешки“.<br>*Насоки за домашна задача: Да прераскажат еден расказ од лектирата и да напишат поука*.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | прочитан литературен текст<br><br>Домашни задачи |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја настан, лик, време, место | Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки.<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст | 109 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се поделени во 4 групи ( 10 минути):<br>1. Запишете ги насловите на расказите, кои место на настан е училиштето.<br>2. Запишете ги насловите на расказите, во кои се зборува за сообраќајот.<br>3. Запишете ги насловите на расказите, во кои се зборува за хуманоста.<br>4. Запишете ги насловите на расказите, во кои има најзначајни поуки.<br>Се читаат насловите и се дискутира дали добро ги издвоиле насловите според бараните карактеристики.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат да изберат ликови од расказите кои им оставиле впечаток(позитивен или негативен) и се запишуваат на таблата , а учениците во тетратката.<br>Се врши анализа на секој лик поединечно и се запишуваат неговите карактерни особини.<br>*(Наставникот може да има подготвено и работен лист за анализа на лектирното дело и секој ученик* | примерок од лектирата „Децата од нашето училиште<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања со целосна реченици<br><br>Опишува изглед на ликови во расказ<br><br>Опишува особини на ликови преку нивните постапки<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *индивидуално да работи на барањата, а потоа заедно да се споделуваат одговорите и размислувањата)*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се извлекува заклучок за впечатоците кои им ги оставило лектирното дело:<br>• Која ви беше првата мисла додека ја читавте лектирата?<br>• Кои се вашите омилени раскази, а кои омилени ликови?<br>• Кој лик би сакале да го драматизирате? Зошто?<br>• Што се промени кај вас по читање на лектирата?<br>• Што научивте, а порано не сте го знаеле?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашни задачи |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ/ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна<br><br>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани солатинично писмо</td><td>Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Зборови, реченици и кус текст напишани со кирилично писмо ги препишува користејќи латинично писмо</td><td>110</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците погодуваат гатанка за кокиче<br>Со фустанче бело-<br>секој да се чуди<br>цвеќенце смело –<br>пролетта ја буди! Што е тоа?<br>Се поведува разговор за кокичето како еден од првите весници на пролетта и се гледа кратко анимирано видео за будењето на цвеќињата.<br>https://www.youtube.com/watch?v=Aq2mUqGRBfM<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците добиват работен лист и се насочуваат да ги следат следните насоки - да работат чекот по чекор.<br>(Во прилог со сценариото)<br>1. Прочитај ја песната „Кокиче“.<br>2. Кој е автор на оваа песна?<br>3. Одреди го бројот на строфи и на стихови.<br>4. Одреди го зборот што недостига во секоја строфа.<br>5. Препиши ја песната со печатни латинични букви.</td><td>компјутер<br><br>проектор<br><br>табла<br><br>звучници<br><br>учебник<br><br>тетратка</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги објаснува карактеристиките на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Препишува кус текст напишан со со кирилично писмо со печатни латинични букви</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците работат самостојно во работниот лист.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците гласно ја читаат песната со цел да проверат дали зборовите кои недостигаа ги ставиле на соодветното место.<br>Се одговараат прашањата, а учениците ги проверуваат своите одговори.<br>Работните листови ги предаваат за проверка на пишувањето со печатни латинични букви.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови | 111 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците разгледуваат постер со ракописни букви од кирилицата и ракописни букви од латиницата. Се искажуваат кои ракописни латинични букви ги имаат изучено досега.<br>Следат насоки да откријат кои големи букви од ракописната кирилица се пишуваат исто и на ракописна латиница. Ги пронаоѓаат буквите *К и Ќ*<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>тетратка<br><br>учебник<br><br>пластична или картонска кутија | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вежбај правилно пишување на буквите.<br><br><br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови и куси реченици.<br>***Kosta, Kate, kajak, kosa, koska, sokak, noḱ, čovek, kakao, Kocani, Miki, kokiče, čekan, vosok, čavka,Ḱani…***<br>***Kate i Kosta se sankaat so sanka.***<br>***Kučeto saka koska.***<br>***Koki na masata stavi kakao.***<br>Препишуваат реченици од печатна кирилица на ракописна латиница.<br>**Како се вика тоа цвеќе?**<br>**Кој сака какао?**<br>**Коста има куче.**<br>Читање на зборовите и речениците од таблата или тетратка од страна на учениците кои ќе завршат со пишување на зборовите и речениците.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците пишуваат зборови на картички кои ги ставаат во Zborovna kutija со ракописни латинични букви во литературното катче.<br>*Во времето за други активности може да изработуваат букварка со печатни и ракописни латинични букви- Mojata latinicna bukvarka)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес? | празни картички<br><br>фломастери | Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо.<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |